# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ТУРИСТИЧКА ГЕОГРАФИЈА“ ОД ПРОФ. Д-Р НИКОЛА В. ДИМИТРОВ И ДОЦ. Д-Р ЦАНЕ КОТЕСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Врз основа на член 52 од Законот за високо образование („Сл. весник на РМ“ бр.35/08, 103/08, 26/09 и 99/09, 115/10 и 17/11 год.), а во согласност со точка 6 од Правилата за издавање учебници и учебни помагала на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип (Универзитетски гласник бр. 19/2011 и бр. 21/2011), Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика - Гевгелија на 131. седница, одржана на 3.4.2015 година, донесе Одлука број 2102-207/9 за избор на рецензенти за издавање е-практикум „Практикум по туристичка географија” по наставниот предмет Туристичка географија.

За рецензирање на ракописот „Практикум по туристичка географија” од авторите проф. д-р Никола В. Димитров и доц. д-р Цане Котески се избрани следниве рецензенти:

– д-р Благоја Маркоски, редовен професор на Институтот за географија, ПМФ - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” - Скопје и
– д-р Златко Јаковлев, вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

По прегледот на приложениот ракопис „Практикум по туристичка географија“ од авторите проф. д-р Никола В. Димитров и доц. д-р Цане Котески, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Општи податоци за ракописот***

Ракописот „Практикум по туристичка географија“ е компатибилен со Наставната програма по предметот Туристичка географија што се изучува на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, на прв циклус студии во I семестар, на студиската програма Туризам и студиската програма Гастрономија, исхрана и диететика. Предметот, согласно со предвидената студиска програма, е задолжителен со фонд на часови 3+2+2 и се вреднува со 8 кредити.

***Податоци за обемот на ракописот***

Ракописот е напишан на стандарден македонски јазик во А4 формат, нормален проред, фонт Ariel, македонска поддршка и големина на буквите 12. Се состои од 12 практични вежби распоредени на 32 страници, при што секоја вежба е во согласност со наставната програма по предметот просторно планирање. Предложениот обем по содржина ги задоволува пропишаните критериуми за издавачка дејност. Ракописот е наменет првенствено за студентите од Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, но и за сите студенти од останати факултети на кои се изучува предметот Просторно планирање.

***Податоци за постоење на сличен или ист наслов***

Ракописот за кој се дава мислење е прво самостојно авторско дело на авторите. Според тоа, потребата за објавување на поднесениот ракописот за е- практикум е според пропишаната Наставна програма по туристичка географија и согласно со интересите на студените.

***Краток опис на содржината***

Ракописот започнува со **Вовед** во кој е даден краток осврт на значењето на туристичката географија, посочена е предвидената основна и дополнителна литература, како и преглед на содржините кои се обработени во рамките на практикумот.

**Вежбата бр. 1** е насловена **Правила за изработка на Проектна задача и предлог теми**. Во неа се прикажани стандардите за изработка на проектна задача и надополнети со листа на предлог-теми за изработка на проектна задача.

**Вежбата бр. 2** е насловена **Методологија за изработка на проектна задача**. Најнапред следат чекори за изработка на проектна задача. Вториот дел од вежба бр. 2 следат десетина примери на содржини на проектни задачи.

**Вежбата бр. 3** е насловена **Распределба на теми за проектна задача**. Овде се наведени две групи на проектни задачи. Во групата на општи проектни задачи се наведени повеќе примери на теми од општа туристичка географија, а во втората група на посебни проектни задачи, наведени се предлог-наслови на голем број теми.

Распределбата на темите за проектна задача може да биде индивидуална за секој студент, посебно или тандемска, една тема за два студента. Изборот на темите го прават студените, а професорот заедно со асистентот ги менторираат.

**Вежбата бр. 4** е насловена **Насоки за потрага по актуелни податоци и посета на разни веб-страници поврзани со туризмот**. Се приложува листа од десетина познати веб-страници поврзани со туризмот. На студените има се дава активност преку интернет да ги пребаруваат веб-страниците. Во текот на активноста, на студените им се демонстрира како да ги користат текстот и другите материјали (фотографии, табели, графикони, видеозаписи и сл.), како да го цитираат изворот на податоци и како сето тоа да го вклопат во темата.

**Вежбата бр. 5** е насловена **Развиени туристички држави и давање насоки за колоквиум 1.** Се задава целта на истражување, во конкретниот случај тоа е државата Малта – развиена туристичка дестинација. Во потрага по материјал за оваа држава се користи интернет и се пребаруваат веб-страници кои се наведени во практикумот. Се демонстрира како се симнуваат текстови, разни апликации, податоци од учебникот и други книги и извори. Врз основа на предлог содржината за државата Малта сите материјали се приспособуваат на обем од 10 до 20 страници. Како дополнителна активност, врз основа на примерот со Малта, на студените им се задава домашна задача - активност, да започнат со изработка на нивните проектни задачи. На крајот од часот, професорот или асистентот дава насоки за колоквиум 1.

**Вежбата бр. 6** е насловена **Студија на случај – Познати светски туристички региони**. Преку примерот Туристичко-географски карактеристики на Тирол, на студените име се демонстрира како преку Интернет се пребаруваат повеќе веб-страници и како треба да ја обработи темата. Заедно со студените се демонстрира како се симнуваат текстови, слики, карти, табели, графикони, видеоклипови, стари фотографии, разгледници, текстови од весници – репортажи, патописи, исечоци, извадоци од книги, монографии, памфлети, постери, програми од манифестации, извадоци од играни филмови, ТВ и документарни филмови, фотоалбуми, сувенири, цртежи и др. (на англиски јазик или на друг светски јазик и се преведува на македонски јазик). На крајот, врз основа на предлог содржината се оформува темата – проектната задача. На студените кои избрале тема за познати туристички региони, за домашна активност има се даваат насоки за почеток со работа на нивните теми.

**Вежбата бр. 7** е насловена **Студија на случај – Познати светски туристички места**. Преку примерот Туристичко-географски карактеристики на Лас Вегас, на студените име се демонстрира како преку интернет се пребаруваат повеќе веб-страници и како треба да ја обработи темата. Заедно со студените се демонстрира како се симнуваат текстови, слики, карти, табели, графикони, видеоклипови, стари фотографии, разгледници, текстови од весници – репортажи, патописи, исечоци, извадоци од книги, монографии, памфлети, постери, програми од манифестации, извадоци од играни филмови, ТВ и документарни филмови, фотоалбуми, сувенири, цртежи и др. (на англиски јазик или на друг светски јазик и се преведува на македонски јазик). На крајот, врз основа на предлог содржината се оформува темата – проектната задача во обем од 10 до 20 страници. На студените, кои

избрале тема за познати туристички региони, за домашна активност има се даваат насоки за почеток со работа на нивните теми.

**Вежбата бр. 8** е насловена **Анализа на Стратегијата за развој на туризмот во РМ и студија на случај на познато туристичко место во Република Македонија.** Прво, професорот или асистентот пред студените ја презентира Стратегијата за развој на туризмот за Република Македонија, а потоа се дава време за дискусија со студените. Вториот час е посветен на Туристичко-географски карактеристики за познато туристичко место во Република Македонија. Преку примерот за Туристичко-географски карактеристики на Крушево, на студените им се демонстрира како преку интернет се пребаруваат повеќе веб-страници и како треба да ја обработи темата. Заедно со студените се демонстрира како се симнуваат текстови, слики, карти, табели, графикони, видеоклипови, стари фотографии, разгледници, текстови од весници – репортажи, патописи, исечоци, извадоци од книги, монографии, памфлети, постери, програми од манифестации, извадоци од играни филмови, ТВ и документарни филмови, фотоалбуми, сувенири, цртежи и др. (на англиски јазик или на друг светски јазик и се преведува на македонски јазик). На крајот, врз основа на предлог содржината се оформува темата – проектната задача во обем од 10 до 20 страници. На студените, кои избрале тема за познати туристички региони, за домашна активност има се даваат насоки за почеток со работа на нивните теми.

**Вежбата бр. 9** е насловена Презентација на проектни задачи од страна на студените. По желба на студенот/ите се дозволува јавна презентација пред останати студенти, одговорниот асистент и предметен професор. Презентацијата се изработува во Power Point. Време на презентирање: 10-15 минути. Дискусија и оценување со поени.

**Вежбата бр. 10** е насловена Презентација на проектни задачи од страна на студените. По желба на студенот/ите се дозволува јавна презентација пред останати студенти, одговорниот асистент и предметен професор. Презентацијата се изработува во Power Point. Време на презентирање: 10-15 минути. Дискусија и оценување со поени.

**Вежбата бр. 11** е насловена Презентација на проектни задача од страна на студените и давање насоки за Колоквиум 2. По желба на студенот/ите се дозволува јавна презентација пред останати студенти, одговорниот асистент и предметен професор. Презентацијата се изработува во Power Point. Време на презентирање: 10-15 минути. Дискусија и оценување со поени.

**Вежбата бр. 12** е насловена Презентација на проектни задачи од страна на студените. По желба на студенот/ите се дозволува јавна презентација пред останати студенти, одговорниот асистент и предметен професор. Презентацијата се изработува во Power Point. Време на презентирање: 10-15 минути. Дискусија и оценување со поени.

Сите 12 вежби опфатени во овој ракопис во целост ја заокружуваат предвидената наставна програма по предметот Туристичка географија, па оттука и соодветноста овој ракопис да може да се користи како учебно помагало е - практикум по предметот Туристичка географија.

## З А К Л У Ч О К

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање учебно помагало е-практикум според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

Со оглед на изложеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му препорачуваме **ракописот „Практикум по туристичка географија“ од авторите проф. д-р Никола В. Димитров и доц. д-р Цане Котески да биде издаден како учебно помагало е-практикум.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Благоја Маркоски, с.р.**
**Д-р Златко Јаковлев, с.р.**